Врз основа на член 196-д став 4 и член 2 став 1 точка 21 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) и Заклучокот на Државната изборна комисија за објавување на конечни резултати и распределба на мандати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, бр.10-4191/1 од 28.12.2016 година, а во врска со Одлуката за именување членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.02-3943/1 од 09.08.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/16 и 167/16) и Одлуката за именување член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување бр.02-4251/1 од 01.09.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/16), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28.12.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за престанок на мандатот на Привремената комисија за следење на медиумското претставување

1. Се констатира дека на 28-ми декември 2016 година на петте члена на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, и тоа: Димишкова Слаѓана, Костовски Љубомир, Трпеноски Горан, Чилиманов Цветин и Хазири Љуљзим, им престанува мандатот, поради истекот на времето за кое беа именувани, односно поради завршување на изборниот процес на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година.

2. Со престанокот на мандатот на петте члена на Привремената комисија за следење на медиумско претставување наведени во точка 1 на оваа одлука, им престанува и правото на исплата на месечен надоместок за нивната работа.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

## Образложение

Согласно член 196-г од Законот за изменување и дополнување на Изборниот Законик („Службен весник на Република Макеоднија“ бр.142/16), во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се формираше Привремена комисија за следење на медиумско претставување која врши мониторинг на спроведување на одредбите од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 77 од Изборниот Законик.

Со Одлука бр.02-3943/1 од 09.08.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/16), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги именуваше четири члена на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, и тоа: Димишкова Слаѓана, Костовски Љубомир, Трпеноски Горан и Чилиманов Цветин. На 01.09.2016 година, Директорот на Агенцијата донесе Одлука бр.02-4251/1 од 01.09.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/16), со која го именуваше Хазири Љуљзим за петти член на Привремената комисија за следење на медиумско претставување.

Согласно член 196-д став 4 од Изборниот законик, мандатот на Привремената комисија трае до завршувањето на изборниот процес на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2016 година.

Изборниот процес согласно член 2 став 1 точка 21 од Изборниот законик, е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде се врши изборот. Со оглед дека на 28.12.2016 година

Државната изборна комисија до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Допис, бр.10-4191/3 од 28.12.2016 година (наш бр.03-6720/1 од 28.12.2016 година) го достави Заклучокот за објавување на конечни резултати и распределба на мандати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, бр.10-4191/1 од 28.12.2016 година, се констатира дека на петте члена на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, и тоа: Димишкова Слаѓана, Костовски Љубомир, Трпеноски Горан, Чилиманов Цветин и Хазири Љуљзим, на 28-ми декември 2016 година им престанува мандатот, поради истекот на времето за кое беа именувани, односно поради завршување на изборниот процес на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година. Со престанокот на мандатот на петте члена на Привремената комисија за следење на медиумско претставување наведени во точка 1 на оваа одлука, им престанува и правото на исплата на месечен надоместок за нивната работа.

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Бр. 02-6721/1

28.12. 2016 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Членовите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување,
- Секторот за правни и економско – финансиски работи,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи,
- Архива на Агенцијата.